## 5.29 Поглавје 29 – Царинска унија

*Сите земји-членки се дел од царинската унија на ЕУ и следат исти царински правила и постапки. Ова бара усогласување на законодавството, соодветен капацитет за спроведување, примена и пристап до заедничките компјутеризирани царински системи.*

Северна Македонија одржува **добро ниво на подготовка** во делот на Царинската унија. Постигнат е **добар напредок** во извештајниот период. Земјата заврши, примени и одржува нов електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи. Новоизградениот царински терминал со Албанија почна со работа. Воспоставен е едношалтерски систем за контрола на границата со Србија.

Препораките од минатата година се спроведени. Во следната година, земјата треба:

→ да продолжи со консолидација и целосна примена на постоечките ИТ системи, да обезбеди нивна надградба и одржување, како и да обезбеди континуитет во работењето;

→ да го имплементира целосно Протоколот 5 на ЦЕФТА за олеснување на трговијата.

Во областа **царинско законодавство**, нивото на усогласеност со *законодавството на ЕУ* е високо. Усвоена е царинската тарифа за 2019 година која е во согласност со најновите измени во Комбинираната номенклатура на ЕУ. Царинската управа интензивно го промовираше концептот на овластени економски оператори (ОЕО), при што 15 компании добија сертификат за ОЕО. Земјата потпиша договор со Србија за заемно признавање на сертификатите за ОЕО. Северна Македонија е членка на Конвенцијата за заеднички транзит, применувајќи ги правилата на ЕУ за транзитни движења и претседаваше со годишниот состанок на заедничкиот комитет. Земјата треба да ја финализира постапката за ратификување на Протоколот за елиминирање на недозволена трговија со тутунски производи.

За **административниот и оперативниот капацитет,** беа применети стандардите за професионален интегритет и контроли на квалитетот. Наплатените приходи од Царинската управа во 2019 година се зголемија за 5,4% во споредба со 2018 година, во голема мера благодарение на систематската примена на автоматско управување со ризици со повеќе таргетирани контроли и подобра меѓу-институционална соработка. Ова исто така ја олесни заплената на лекови и фалсификувана стока.

Новоизградениот царински терминал на главниот граничен премин со Албанија започна со работа. Постигнат е напредок во воспоставувањето на едношалтерски систем за гранична контрола со Србија на преминот Табановце-Прешево во август 2019 година. Започнаа подготовките за воспоставување на едношалтерски систем со Албанија, мерка што доби официјално одобрување од двете влади. Постигнат е **добар напредок** со финализирањето на новиот бесхартиен електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи и неговата примена на 1 јуни 2019 година. Зголемена е употребата на системот за интегрирана тарифна околина (ИТО). Бројот на обработени декларации преку новиот компјутерски транзитен систем (НКТС) се зголеми за 25% во 2019 година. Царинската управа потпиша договори за одржување на системите НКТС и ИТО.

Царинската управа учествуваше во 14 меѓународни операции за борба против недозволена трговија со дрога, фалсификувана стока и лекови, акцизна стока, оружје, експлозиви, опасен отпад и хемикалии, диви животни и растенија, културни добра и

борба против трговија со луѓе. Продолжи соработката и размената на разузнавачки информации со царинските служби во поширокиот регион. Земјата досега има склучено 24 билатерални договори за царинска соработка, од кои 12 се со земјите-членки на ЕУ. Северна Македонија беше домаќин на 14-та конференција „Партнерство во царинско академско истражување и развој“ (PICARD) на Светската царинска организација.